Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 62, 15 јуни 2011 година

јуни 2011 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во наставно-научното поле машинство на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научната областа подготовка на минерални суровини на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент за наставно-научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната и уметничка област џез гитара на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 22

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научната облест менаџмент во царина и шпедиција на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 26

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање помлад асистент за наставно-научното поле историски науки на Филолошки факултетот при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 31

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област фармакологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 33

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 41

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање доцент / вонреден професор за наставно-научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 50

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Испитување на машински материјали“ од д-р Ангел Тасевски и м-р Владан Андоновиќ од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 66

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Машински материјали“ од д-р Ангел Тасевски и м-р Владан Андоновиќ од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 67

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Ургентни состојби во стоматологијата” од доц. д-р Цена Димова, Факултет за медицински науки, стоматологија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 68

**РЕЦЕНЗИЈА** на материјалот за електронска скрипта по предметот Македонски јазик со култура на изразувањето од доц. д-р Виолета Николовска, Педагошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 70

**РЕЦЕНЗИЈА**на „Практикум“ по предметот Трудово право од м-р Андон Мајхошев, помлад асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип........ 72

**РЕЦЕНЗИЈА** на интерна скрипта по предметот Трудово право од м-р Андон Мајхошев, помлад асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип........ 74

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ ЗА СКРИПТА „УРГЕНТНИ СОСТОЈБИ ВО СТОМАТОЛОГИЈАТА" ОД ДОЦ. Д-Р ЦЕНА ДИМОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, СТОМАТОЛОГИЈА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, како и Одлуката бр. 2502-37/27 од 43. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки при УГД- Штип, одржана на 9 март 2011 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Никола Камчев, вонреден професор на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, специјалист трансфузиолог и хематолог;
2. проф. д-р Јордан Јанев, редовен професор во пензија, специјалист орален хирург,

за резензија на приложениот ракопис „*Ургентни состојби во стоматологијата*" од доц. д-р Цена Димова, наменет за скрипта за студентите од прв циклус на додипломска настава:

- Студиската програма по општа стоматологија на Факултетот за медицински науки,
- Студиската програма за дипломиран забен техничар - протетичар на Високата здравствена школа за забни техничари – протетика при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

По извршениот преглед на ракописот, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот за скрипта „*Ургентни состојби во стоматологија*" од доц. д-р Цена Димова е пишуван според Наставниот план и содржината на предметите кои се изучуваат на Студиската програма по стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, на студиите од првиот циклус на додипломска настава, во десетти семестар, со 2+1+1 неделен фонд на часови и 4 кредити, како и за предметот Ургентни состојби, кој се изучува на Студиската програма за забен техничар - протетичар на Високата здравствена школа при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, на прв циклус студии на додипломска настава во четврти семестар, со 2+0+1 неделен фонд на часови, со 2 кредити.

Во нашата земја поретко се издадени вакви книги кои ја обработуваат редоследно тематиката за можните ургентни состојби во стоматологијата, кои би можеле да послужат како учебни помагала по овој предмет.

Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја, но и ќе можат целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

Ракописот кој е наменет за издавање на привремено учебно помагало во вид на скрипта по истоимениот предмет Ургентни состојби во стоматологијата е напишан на 82 страници, А4 формат, нормален проред и со фонт со големина 12. Ракописот е подготвен според стандардната методологија и обработува теми кои придонесуваат за стекнување на основно и продлабочено знаење за брзо препознавање, точно дијагностицирање и преземање на правовремени постапки и третман на ургентните состојби во стоматолошката ординација.

Целокупната предметна содржина во која се опишани најчестите ургентни состојби во секојдневната стоматолошка клиничка пракса е систематизирана во неколку делови, преку кои студентот на систематичен начин и постепено се запознава со итните состојби што може да се случат во текот на стоматолошката пракса, дијагноза и диференцијална дијагноза на итните состојби во стоматолошката пракса, нивна терапија, како и превенција на итните состојби при стоматолошките интервенции.

Материјалот е распределен на неколку теми и тоа: општи и локални компликации при апликација на општа и локална анестезија, синкопа, колапс, срцев застој и пулмонален застој, крвавења, акутна одонтогена инфекција, повреди на заби и повреди на меките ткива, повреди на вилиците.

Во воведниот дел се зборува за ургентни состојби во медицината при кои вообичаено се помислува на оние ситуации кога е загрозен животот на болниот и кога терапијата мора да биде спроведена речиси во истиот момент кога се манифестираат првите симптоми. Исто така се потенцира дека вака дефинрани ургентни состојби во стоматолошката секојдневна пракса ретко се случуваат и, главно, се однесуваат на појава на алергиски состојби или реакции, кога е можно да е појават несакани и многу бурни реакции на одговор на организмот на внесување на раствори за локална анестезија кои се детално опишани во првите триесетина страници. Дел од предметот опфаќа и запознавање на студентите со итните состојби кои можат да се случат во текот на стоматолошката пракса како синкопа, колапс, епилептичен и хистеричен напад, дијагноза на истите, како и со постапките кои се очекуваат од стоматологот во наведените ситуации.

Во второто поглавје се опишани симптомите на драматична ургентна состојба која може да се случи при појава на срцев застој кај пациентот, во стоматолошката ординација или заботехничката лабораторија, каде што животот на пациентот може да биде сериозно загрозен.

Во третото поглавје се говори за акутна одонтогена инфекција. Покрај ова во стоматолошката пракса може да се јават состојби кои исто така наметнуваат потреба од ургентна терапија, иако можеби животот на пациентот непосредно не е загрозен. Такви се дентогените инфекции, крвавењата, кои пак може да го нарушат општото здравје.

Во четвртото поглавје ги објаснува клиничките знаци, поставување на дијагноза и диференцијална дијагноза при повреди на меките ткива, забите и вилиците, како и првична терапија и згрижување на различните повреди во орофацијалната регија.

Цитирана е литература од европското и балканското подрачје.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата го предложува следниов

## З А К Л У Ч О К

Ракописот за учебното помагало – скрипта „Ургентни состојби во стоматологијата" од доц. д-р Цена Димова опфаќа одбрани поглавја за ургентни состојби во стоматолошката пракса адаптирани во Наставната програма и содржина на истоимениот предмет Ургентни состојби во стоматологијата за студентите на прв циклус студии на Студиите по стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип. Со издавањето на овој ракопис студентите на Стоматологија ќе имаат можност да ги изучуваат ургентните состојби во стоматолошката секојдневна пракса на македонски јазик.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебно помагало и условите за издавање, пропишани според Правилникот за единствените основни за остварувања на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**Рецензентската комисија предлага ракописот „Ургентни состојби во стоматологијата" од доц. д-р Цена Димова да биде издаден како учебно помагало – скрипта за студентите по Стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.**

**Р Е Ц Е Н З Е Н Т И**

**Проф. д-р Никола Камчев, с.р.**
**Проф. д-р Јордан Јанев, с.р.**